Здружение Совет за етика во медиумите на Македонија
ЕТИКА ПРЕС Скопје
Бр. 281/0306
22.07 20 21 год.
Скопје

Комисијата за жалби при Советот за етика во медиумите на Македонија (СЕММ), на седницата одржана на 15 јули 2021 година, врз основа на примена жалба од компанијата „Супертрејд“, ја донесе следната:

# О Д Л У К А

**Телевизија „Телма“ со прилогот насловен „Мазутот од Супертрејд за РЕК Битола со повеќе вода и суплементи, откри инспекторатот“, емитуван во емисијата „Код“, го прекрши Кодексот на новинарите во членот 3.**

**ЖАЛБА**

До извршната канцеларија на Советот за етика во медиумите на Македонија (СЕММ), на 28 јуни 2021 година, правната служба на компанијата „Супертрејд“ ДОО Скопје поднесе жалба за прилогот на емисијата „Код“ со наслов „Мазутот од Супертрејд за РЕК Битола со повеќе вода и суплементи, откри инспекторатот“, емитуван на 27 јуни 2021 година, во емисијата „Код“ и во вестите на телевизија „Телма“, а објавен и на веб-страницата на телевизијата (www.telma.com.mk).

Во жалбата се наведува дека во прилогот се изнесени непроверени и невистинити информации, а целта била неоснован напад и нарушување на угледот на компанијата. Жалителот појаснува дека се работи за прилог кој бил дел од емисијата „Код“, но бил издвоен како засебен и се однесувал исклучиво на компанијата „Супертрејд“, иако, како што се вели во претставката, во целосната емисија биле посочени и други компании. Од компанијата дополнуваат дека содржината била објавена во вестите и на веб - страницата на ТВ Телма и дека од таквото постапување јасно се гледала тенденциозност на емисијата „Код“ да им наштети на угледот и честа на „Супертрејд“.

Жалителот нагласува дека, освен невистинитите информации за лошиот квалитет на мазутот, медиумот изнел и невистинит податок дека компанијата немала складишни капацитети за мазут. Од „Супертрејд“ сметаат дека така објавените податоци се паушални и недоволно истражени, зашто, како што наведуваат, таквиот податок бил јавно достапен во Регулаторната комисија за енергетика и во лиценцата за вршење на трговија на големо, од каде можело да се увиди дека компанијата поседува капацитети за складирање на мазут.

Од компанијата „Супертрејд“ потенцираат и дека од емисијата „Код“ во ниту еден наврат не им дале можност да се произнесат, ниту им се обратиле за да добијат релевантни податоци. Жалителот реагира и дека во текот на емисијата не го објавиле ниту демантот упатен до медиумот уште пред објавување на емисијата. Од „Супертрејд“ сметаат дека на тој начин се прави дефокус на јавноста и се пласираат само оние информации кои придонесуваат за нарушување на угледот на компанијата.

*„Воедно, би сакале да го земете предвид и тоа дека во тек е истрага пред надлежните органи – Јавното обвинителство во однос на увозот на нафтени деривати и тие се задолжени за утврдување на целата фактичка состојба врз основа на конкретни податоци и документи, а не на основа на шпекулации и објавување на невистини содржини и со објавување такви информации се допринесува за негативно влијание и попречување на целата истрага*“, се посочува во поднесената претставка.

Од „Супертрејд“, меѓу другото, наведуваат и дека бараат јавно извинување од новинарката и уредничката на КОД, исто како и од уредникот на вестите на ТВ Телма и повлекување на, како што велат, лажната информација. Жалителот посочува дека секој обид за нанесување штета на угледот и на работењето на компанијата ќе има правни последици.

**ОДГОВОР НА МЕДИУМОТ**

Извршната канцеларија на СЕММ, во согласност со членот 14 од Правилникот за работа на Комисијата за жалби, по приемот и разгледување на жалбата, стапи во контакт со Телевизија „Телма“ и со емисијата „КОД“ и побара изјаснување по однос на наводите на жалбата. Одговорниот уредник на информативната редакција на „Телма“ и автор на „КОД“, Снежана Лупевска Созен, одговори на наводите на жалителот.

Лупевска Созен целосно ги отфрла и ги оценува за неточни наводите на жалителот кон емисијата. Вели дека „КОД“ е емисија која истражувала на темата за увоз на мазут од февруари 2020 година и дека истражувањата опфатиле неколку фирми, а не само „Супертрејд“. Појаснува дека во емисијата објавена на 4 јули 2021 година јасно биле наведени сите објаснувања поврзани со темата, а во прилог на жалбата посочи и линкови за сите теми кои се работени во врска со мазутот, кои директно или индиректно го засегаат подносителот. Таа дополнува дека подносителот на жалбата бил цитиран секогаш кога бил страна во некоја постапка, како, на пример, на 23 мај.

Авторката на „КОД“ ги отфрла за неосновани и обвинувањата на „Супертрејд“ поради тоа што засебен извадок од целата емисија бил емитуван во вестите на „Телма“. Таа појаснува дека се работи за редовна пракса со која се најавува емисијата „КОД“ и во која јасно било посочувано дека во целосното издание ќе се презентираат сите детали на темата.

Во однос на забелешките на жалителот дека „КОД“ објавил оти компанијата нема складишта и дека медиумот требало да провери во лиценцата, Лупевска Созен нагласува дека тоа е спротивно на нивното истражување кое, како што вели, подоцна било потврдено и од Регулаторната комисија, како и сопственикот на оранжериите Хамзали.

*„Утврдено е дека законски потребните резервои на Супер Трејд постојат само на хартија, а не и во реалноста, за што од РКЕ е даден налог за постапување во одреден рок сите фирми кои немаат да си ги обезбедат законските резерви. Ова се случи по истражувањето и доказите од КОД за Супер Трејд, а заради тоа ќе се менува и законот“,* се вели во одговорот на жалбата.

Во однос на наводите на подносителот на жалбата дека медиумот не го објавил демантот упатен од компанијата, Лупевска Созен наведува дека таквиот демант „Супертрејд“ го испратил на нејзината приватна електронска пошта, а не на службената, а дека неговите најави биле објавени во содржините на емисијата. Од „КОД“ во прилог на одговорот на жалбата посочија неколку линкови од емисиите посветени на темата, како и два текста. Дополнително го доставија и документот испратен од РЕК Битола до медиумот, во кој се наведени резултатите од контролата на квалитетот на мазут во подружницата.

Бул. Митрополит Теодосиј Гологанов 54/2
1000 Скопје, Македонија

www.semm.mk info@semm.mk (02) 3222-595

## ОДЛУКА НА КОМИСИЈАТА ЗА ЖАЛБИ

Комисијата за жалби утврди дека жалбата е **ОСНОВАНА** и со мнозинство гласови одлучи дека Кодексот на новинарите на Македонија е прекршен во членот 3.

***Член 3:*** *„Новинарот ќе настојува да биде обезбедено објавување на исправка, деманти и одговор во случај кога ќе биде утврдена неточност на информација".*

## ОБРАЗЛОЖЕНИЕ НА ОДЛУКАТА

На седницата на 15 јули 2021 година, членовите на Комисијата за жалби ги разгледаа наводите на жалителот и извршија увид во спорната содржина. Најпрво, заклучија дека не можат и немаат право да ги утврдуваат фактите наведени во неа. Надлежност на Комисијата е единствено да утврдува дали се почитуваат етичките и професионалните стандарди во новинарскиот производ.

Комисијата заклучи дека се работи за прилог од голем јавен интерес и вест во низа. Авторот обработува актуелна тема поврзана со квалитетот на нафтата и нафтените деривати, која побуди огромен интерес во јавноста и ги предизвика институциите да ги испитаат наводите дека мазут со сомнителен квалитет бил увезуван во земјава.

Станува збор за содржина која е објавена во вестите на „Телма" во форма на скратена верзија од оригиналниот прилог емитуван во емисијата „КОД" истиот ден. Во однос на забелешката на жалителот дека се работи за тенденциозно издвоен дел, во кој е спомената само компанијата „Супертрејд", Комисијата смета дека таа самата, во случајов, нема надлежност да утврдува прекршување на Кодексот на новинарите, поради можноста да се протолкува како вмешување во уредувачката и програмската политика на телевизијата. Комисијата утврди дека редовна пракса на телевизијата е во рамките на вестите да најавува дел од содржините на „КОД". Оттука, Комисијата при одлучувањето ги зеде предвид и краткиот (најавен) прилог и целосниот, кој е емитуван во емисијата.

Авторот презентира повеќе извори на информации, од став на РЕК Битола во однос на податоците за квалитетот на горивата, преку податоци на Државниот пазарен инспекторат и од Владата до министерот за животна средина. Сепак, став на Комисијата е дека во прилогот недостига ставот на компанијата „Супертрејд", која е во средиштето на сторијата, а за која од „Код" уверуваат дека пренеле ставови во претходните емисии околу истата тема. Комисијата констатираше дека медиумот во една од претходните емисии (23 мај) пренел изјава на  сопственикот на компанијата околу квалитетот на горивата што ги набавува, но сепак, „Код" требало да се потруди да обезбеди став и овој пат. Комисијата делумно се согласува со гледиштето на авторот дека „втора страна" во сторијата не е „Супертејд", туку е

Бул. Митрополит Теодосиј Гологанов 54/2
1000 Скопје, Македонија

www.semm.mk info@semm.mk (02) 3222-595

РЕК Битола, но во исто време смета дека, во таков случај, медиумот имал обврска да го објави демантот испратен од компанијата „Супертрејд“ како засегната страна, а која експлицитно се споменува во насловот од прилогот:

**„Мазутот од Супертрејд за РЕК Битола со повеќе вода и суплементи, откри инспекторатот“**

Комисијата смета дека недоволно издржано е појаснувањето на авторот на „Код“ дека причина за необјавувањето на демантот е тоа што барањето стигнало на нејзината приватна адреса, а не на службената. Се работи за уставно загарантирано право и, оттука, Комисијата најде дека медиумот го прекршил **членот 3** од Кодексот на новинарите, според кој новинарот ќе настојува да биде обезбедено објавување на исправка, деманти и одговор во случај кога ќе биде утврдена неточност на информација.

Моралната одговорност за неточноста на информацијата паѓа на новинарот и затоа е важно тој самиот да влијае и да обезбеди демант, исправка или одговор во медиумот во кој информацијата е објавена, а чијшто автор е тој. На тој начин, новинарот го штити и сопствениот интегритет, но и интегритетот на медиумот во кој работи.

Комисијата во овој контекст нагласува и апелира до новинарите дека мораат да вложат поголеми напори во обидите да обезбедат став од сите засегнати страни. Ова особено во случаи кога новинарите изнесуваат сомневања или обвинувања или кога некој е предмет на напад и критика. На тој начин, и предметниот прилог на „Код“ ќе добиел појасна слика, а јавноста повеќе одговори за одредени прашања.

* * *

**При своето одлучување, Комисијата ги зеде предвид и:**

*** Членот 16 од Уставот во делот во кој се вели:**

Се гарантира правото на одговор во средствата за јавно информирање. Се гарантира правото на исправка во средствата за јавно информирање.

*** Членот 17 од Законот за медиуми (Право на исправка на објавена информација), во делот кој се вели:**

Секој има право од издавач на медиум, односно од одговорен уредник на издавач на медиум да бара, без надоместок, да објави исправка на објавената информација во која се наведуваат неточни факти објавени во информацијата, а со кои биле повредени неговите права или интереси. Право на исправка имаат и правните лица и другите организации и тела, доколку со информацијата биле повредени нивните права или интереси.

Бул. Митрополит Теодосиј Гологанов 54/2
1000 Скопје, Македонија

www.semm.mk info@semm.mk (02) 3222-595

* * *

Во согласност со наведеното, Комисијата одлучи како што е погоре наведено.

Во работата на Комисијата учествуваа членовите Мирче Адамчевски, Сефер Тахири, Мери Јордановска,Теофил Блажевски, Лилјана Пецова – Илиеска, Ердем Ахмет и Димитар Мицев.

**Се обврзува Телевизија Телма (www.telma.com.mk), во согласност со членот 18 од Деловникот за работа на Комисијата за жалби, да ја објави оваа одлука.**

Со почит,
Совет за етика во медиумите на Македонија

Претседател на Комисијата за жалби
Мирче Адамчевски

Бул. Митрополит Теодосиј Гологанов 54/2
1000 Скопје, Македонија

www.semm.mk info@semm.mk (02) 3222-595